**СЛУЖБЕН ГЛАСНИК**
**НА ОПШТИНА ОХРИД**

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>12.04.2023 год.<br>БРОЈ 5 ГОДИНА 58 |
|---|---|

**С О Д Р Ж И Н А**

| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Програма за измени и дополнување на годишна програма за поставување урбана опрема во општина Охрид за 2023 година. | 4 |
| 2. | Одлука за утвдување почетна цена за поставување на урбана опрема – покриени и непокриени шанкови со локации. | 6 |
| 3. | Одлука за поставување урбана опрема – покриени и непокриени шанкови со локации на подрачјето на општина Охрид за периодот 2023 – 2026. | 7 |
| 4. | Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за поставување урбана опрема и времени објекти и за утврдување на висината на надоместокот (закупнина) за 2023 година во општина Охрид. | 10 |
| 5. | Програма за поставување реклами на урбана опрема - автобуски постојки на подрачјето на општина Охрид за периодот 2023-2028 година. | 11 |
| 6. | Одлука за примање на две траки за гимнастички вежби за две основни училишта во општина Охрид – донација од Ховерцрафт Адриа ДОО Охрид. | 14 |
| 7. | Одлука за давање согласност на одлуката за задолжување со наменски кредит на ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид. | 15 |
| 8. | Одлука за разрешување член во Управниот одбор на ЈП„Охридски комуналец“- Охрид. | 16 |
| 9. | Програма за измени и дополнувања на годишната програма за активностите на општина Охрид во областа на основното образование за 2023 година (Н1). | 17 |
| 10. | Програма за измени и дополнувања на годишната програма за активностите на општина Охрид во областа на средното образование за 2023 година (Н2). | 19 |
| 11. | Програма за измени и дополнувања на годишната програма на општина Охрид за здравствена и социјална заштита за 2023 година (Т1). | 20 |
| 12. | Програма за измени на програмата за уредување на градежно земјиште за 2023 година. | 21 |
| 13. | Програма за измени и дополнувања на програмата ЈН урбана опрема - изградба и одржување за 2023 година. | 29 |

| | | |
|---|---|---|
| **14.** | Одлука за измена на распоредот на средствата на буџетот на општина Охрид за 2023 година. | **31** |
| **15.** | Одлука за проширување на средствата на буџетот на општина Охрид за 2023 година. | **32** |
| **16** | Одлука за утврдување на надоместок и регулирање на постапката за одобрување на прекопи за поставување на инсталации во патна мрежа, како и за прекумерно користење на истата. | **34** |
| **17.** | Одлука за измени и дополнувања на одлуката за пренесување на правото за објавување на јавен оглас за давање на простор за поставување урбана опрема. | **37** |
| **18.** | Одлука за ажурирање на процената на загрозеност на подрачјето на општина Охрид од сите ризици и опасности. | **39** |
| **19.** | Одлука за усвојување на Процената на загрозеност на општина Охрид (административна зграда) од природни непогоди и други несреќи. | **40** |
| **20.** | Одлука за донесување План за заштита и спасување на општина Охрид (административна зграда) од природни непогоди и други несреќи. | **42** |
| **21.** | Одлука за давање на времено користење недвижен имот - дел од деловен простор, сопственост на општина Охрид на Општинска организација - Сојуз на борци Охрид и Дебрца. | **43** |
| **22.** | Одлука за давање на времено користење недвижен имот - дел од деловен простор, сопственост на општина Охрид на Државен санитарен и здравствен инспекторат Охрид. | **44** |
| **23.** | Одлука за давање на времено користење недвижен имот - дел од деловен простор, сопственост на општина Охрид на Државен инспекторат за труд - Подрачно одделение Охрид. | **46** |
| **24.** | Одлука за давање на трајно користење на специјално комунално возило марка „TOYOTA“ - сопственост на општина Охрид на ЈП Нискоградба Охрид. | **47** |
| **25.** | Одлука за донесување на план за парцелација од урбанистички проект со план за парцелација за промена на границата на две соседни градежни парцели ГП 3 и ГП 2 во ДУП за дел од УЗ 16-Рача дел од УБ 16.3 – опфат 3 – Охрид во КО Велестово, општина Охрид со тех.бр. 17/21 од Декември 2022 година, изработен од „Снегар Компани“, Дооел Охрид. | **49** |
| **26.** | Одлука за донесување на план за парцелација од урбанистички проект со план за парцелација за промена на границата на ГП 3.21, ГП 3.21а, ГП 3.22 и ГП 3.33 ДУП за 6-та УЗ дел од УБ 6.1 опфат 1-Охрид, во Охрид 2, општина Охрид со тех.бр. 02/22 од Март 2023 година, изработен од „Снегар Компани“, Дооел Охрид. | **51** |
| **27.** | Одлука за донесување на план за парцелација од урбанистички проект со план за парцелација за формирање на една градежна парцела од ГП 3.18 и ГП 3.19 во ДУП урбана заедница 9 урбан блок 9.2 – Охрид, општина Охрид со тех.бр. 23/22 од Февруари 2023 година, изработен од „Снегар Компани“, Дооел Охрид. | **52** |
| **28.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на | **54** |

| | | |
|---|---|---|
| | КП.бр.1564/2 КО Лескоец. | |
| **29.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.722 КО Свињишта. | **55** |
| **30.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.832/1 КО Охрид 4. | **56** |
| **31.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.2350/1 КО Охрид 4. | **57** |
| **32.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.1323 КО Велестово. | **58** |
| **33.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр.1007 КО Лескоец. | **60** |
| **34.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 543, КП.бр. 546 и КП.бр. 545/2 КО Ливоишта. | **61** |
| **35.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на КП.бр. 2105/1 КО Долно Лакочереј. | **62** |
| **36.** | Одлука за измена и дополнување на одлуката за утврдување потреба од донесување урбанистичко - планска документација за усогласување на намената на земјиштето на КП.бр. 2803/2 КО Елшани со бр. 08-15397/59 од 15.11.2022 година | **63** |
| **37.** | Јавна објава | **64** |
| **38.** | Јавна објава | **65** |
| **39.** | Јавна објава | **65** |
| **40.** | Јавна објава | **66** |
| **41** | Јавна објава | **66** |
| **42** | Јавна објава | **67** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за измена и дополнување на годишна Програма за поставување урбана опрема во општина Охрид за 2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.04.2023 година.

**Број 09- 5339/39**
**11.04.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 80, 80-а и член 81 од Законот за градење („Службен весник на РМ“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 132/16 и 64/18), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.04.2023 година, ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА ВО ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2023 ГОДИНА**

## I. ВОВЕД

Во Годишната програма за поставување урбана опрема во Општина Охрид за 2023 година , донесана со одлука бр. 08-17370/41 од 22.12.2022 година од страна на Советот на Општина Охрид, се врши **измена и дополнување.**

Измената и дополнувањето се врши како во текстуалниот дел, така и во графичките прилози. Со оваа програма се утврдува потребата од поставување урбана опрема и се уредуваат бројот, видот и големината на урбаната опрема, условите за поставување, како и локациите и објектите на кои можат да се постават истите.

Урбаната опрема се планира да се постави на јавни површини на градежно изградено и уредено земјиште и согласно записник од фактичка состојба од увид на лице место бр.15-5357/1 од 04.04.2023 без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот, во градското подрачје на Охрид, како и надвор од градот на подрачјето на Општина Охрид.

Во текстуалниот дел се менува точка 2.6 и се додава 2.6.1 .

Во графичкиот дел се менуваат и дополнуваат графичките прилози 1 и 2, прилог 3 (дел 3), прилог 4 (дел 10), прилог 5 (дел 13), прилог 6 (дел 34), прилог 7(дел 42), прилог 8 (дел 43), прилог 9 ( дел 44), прилог 10 ( дел 45), прилог 11 (дел 46), прилог 12 (дел 47), прилог 13(дел 48), прилог 14( дел 49), прилог 15(дел 50), прилог 16(дел 51), прилог 17(дел 52), прилог 18(дел 53), прилог 19(дел 54), прилог 20 (дел 55) и прилог 21 (дел 56).

Останатите одредби од програмата не се менуваат.

**2.6. Покриени и непокриени шанкови подточка**

**2.6.1 Покриени и непокриени шанкови со локации се додава и гласи:**

Покриени и непокриени шанкови со локации можат да се поставаат по барање на физички и правни лица на јавни површини на градежно изградено и уредено земјиште и записник од фактичка состојба од увид на лице место бр.15-5357/1 од 04.04.2023 без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот. Шанковите треба да бидат лесно монтажно демонтажни и изработени од природни материјали (дрво или имитација на дрво) кои ќе се вклопат во околината.

Локациите се поделени во две зони.

• ПРВА ЗОНА:
  - локација 1, прилог 5, (дел 13)
  - локација 2, прилог 6, (дел 34)
  - локација 3, прилог 6, (дел 34)
  - локација 5, прилог 8, (дел 43)

• ВТОРА ЗОНА
  - локација 4, прилог 8, (дел 43)
  - локација 6, прилог 15, (дел 50)
  - локација 7, прилог 15, (дел 50)
  - локација 8, прилог 16, (дел 51)
  - локација 9, прилог 16, (дел 51)
  - локација 10, прилог 16, (дел 51)
  - локација 11, прилог 16, (дел 51)
  - локација 12, прилог 17, (дел 52)
  - локација 13, прилог 18, (дел 53)
  - локација 14, прилог 18, (дел 53)

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 5339/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.04.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОЧЕТНА ЦЕНА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА – ПОКРИЕНИ И НЕПОКРИЕНИ ШАНКОВИ СО ЛОКАЦИИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување почетна цена за поставување на урбана опрема - покриени и непокриени шанкови со локации, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.04.2023 година.

**Број 09- 5339/40**
**11.04.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ” бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид” бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.04.2023 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОЧЕТНА ЦЕНА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА - ПОКРИЕНИ И НЕПОКРИЕНИ ШАНКОВИ СО ЛОКАЦИИ**

**Член 1**

Со оваа одлуката се утврдува минималната почетната цена за поставување на урбана опрема - покриени и непокриени шанкови со локации на подрачјето на општина Охрид.

**Член 2**

Почетната цена за поставување на урбана опрема - покриени и непокриени шанкови со локации на подрачјето на општина Охрид изнесува:

- ПРВА ЗОНА 900,00 денари по м$^2$ годишно.
- ВТОРА ЗОНА 500,00 денари по м$^2$ годишно.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 5339/4**
**11.04.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА – ПОКРИЕНИ И НЕПОКРИЕНИ ШАНКОВИ СО ЛОКАЦИИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ 2023 – 2026 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за поставување урбана опрема – покриени и непокриени шанкови со локации на подрачјето на општина Охрид за периодот 2023 – 2026 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.04.2023 година.

**Број 09- 5339/41** **ОПШТИНА ОХРИД**
**11.04.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), член 80 од Законот за градење („Службен весник на РМ“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11 , 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19, 18/20 , 279/20 и 227/22), а во врска со Програмата за измена и дополнување на Годишната Програма за поставување на урбана опрема во општина Охрид бр.08-5339/3 („Службен гласник на општина Охрид“ бр. 5/23), Записник од Комисија за утврдување фактичка состојба на лице место бр.15-5357/1од 04.04.2023 година и Одлуката за утврдување на почетна цена за поставување на урбана опрема- покриени и непокриени шанкови со локации бр.08-5339/4 („Службен гласник на општина Охрид“ бр.5/2023), Советот на општина Охрид, на седница одржана на ден 11.04.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА - ПОКРИЕНИ И НЕПОКРИЕНИ ШАНКОВИ СО ЛОКАЦИИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ 2023-2026**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува начинот за добивање право за поставување на урбаната опрема - покриени и непокриени шанкови со локации и временскиот период за нејзино поставување.

**Член 2**

Локациите и бројот на покриени и непокриени шанкови се утврдени согласно Програмата за измена и дополнување на Годишната Програма за поставување на урбана опрема во општина Охрид бр.08-5339/3 ( Службен гласник на општина Охрид број 5/23) и Записник од Комисија за утврдување фактичка состојба на лице место бр.15-5357/1од 04.04.2023 година.

**Член 3**

Временскиот период за поставување на урбаната опрема по локации и број утврдени во член 2 од оваа Одлука се определува за период од 3 ( три ) години ( 2023-2026 ).

Доколку во горенаведениот период на локациите на кои ќе се поставува урбаната опрема се донесе посебна урбанистичка документација со друга намена, општина Охрид го задржува дискреционото право да пристапи кон раскинување на склучените Договори за условите и начинот на користење и одржување на добиените локации и пред истекот на периодот од 3 (три) години.

**Член 4**

Доделувањето на правото за поставување на покриени и непокриени шанкови со локации ќе се врши по пат на објавување на јавен оглас за добивање право за поставување на урбаната опрема.

Огласот го распишува Градоначалникот на општина Охрид и го објавува на официјалната ВЕБ страна на општина Охрид и во најмалку два дневни весници.

**Член 5**

Огласот од член 4 на оваа одлука, особено треба да ги содржи следните податоци:

1. Податоци за субјектот кој го распишува огласот;
2. Назначување на локациите за кои се врши доделувањето;
3. Време за кое се доделува правото за поставување на покриени и непокриени шанкови со локации;
4. Почетна цена за добивање право за поставување на покриени и непокриени шанкови со локации;
5. Висина на депозитот за право на учество на јавното електронско наддавање;
6. Содржина и прилози на понудите;
7. Рок за поднесување на понудите;
8. Ден, час и место на отворање на понудите.

**Член 6**

Почетната цена за јавно електронско надавање се определува согласно Одлуката за утврдување на почетна цена за поставување на урбана опрема - покриени и непокриени шанкови со локации бр.08-5339/4 („Службен гласник на општина Охрид“ бр.5/2023), донесена од страна на на Советот на општина Охрид.

**Член 7**

Депозитот за учество на јавното наддавање изнесува 20% од почетната цена утврдена за локациите за кои понудувачот доставил понуда на годишно ниво и истата треба да биде изразена во денари и се уплаќа на сметката на општина Охрид.

Комисијата по завршувањето на јавното наддавање, ќе го врати положениот депозит на оние учесници во наддавањето чии понуди не се прифатени, во рок од 15 дена од денот на завршувањето на јавното наддавање.

Доколку најповолниот понудувач се откаже од склучувањето на договорот ќе му се реализира депонираниот депозит.

**Член 8**

За најповолна понуда ќе се смета понудата со највисок износ на еднократниот надомест за стекнување на право за доделување на локациите за урбана опрема - покриени и непокриени шанкови.

**Член 9**

Постапката на отворање на понуди ја врши комисијата што ја формира Градоначалникот.

Комисијата се состои од Претседател и два члена и нивни заменици.

**Член 10**

За својата работа Комисијата изготвува извештај, со предлог за најповолен понудувач до Градоначалникот за секоја локација.

Градоначалникот ќе донесе решение за локации за поставување на урбана опрема - покриени и непокриени шанкови на подрачјето на општина Охрид за периодот 2023-2026.

**Член 11**

Помеѓу Градоначалникот и најповолниот понудувач се склучува Договор за условите и начинот на користење и одржување на добиените локации.

Понудувачот кој ќе го добие правото на поставување, покрај цената која е постигната со јавното електронско наддавање, должен е на сметката на општина Охрид да уплаќа и годишна комунална такса за секоја локација каде се поставува горенаведената урбана опрема во висина утврдена во одлуката за висина на комуналните такси на општина Охрид.

**Член 12**

Секој покриен и непокриен шанк со локација, на барање на најповолниот понудувач со претходно одобрен идеен проект, се поставува врз основа на Извод од програма за поставување урбана опрема и Одобрение издадено од Градоначалникот на општина Охрид.

**Член 13**

Оваа Одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 5339/5**
**11.04.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА И ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ И ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ (ЗАКУПНИНАТА) ЗА 2023 ГОДИНА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за поставување урбана опрема и времени објекти и за утврдување на висината на надоместокот (закупнина) за 2023 година во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.04.2023 година.

**Број 09- 5339/42**
**11.04.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 82 од Законот за градежно земјиште („Сл.весник на РМ“ бр.15/2015, 98/2015, 193/2015, 226/2015, 31/2016, 142/2016, 190/2016 и 275/2019), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ” бр.5/02), член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид” бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), а во врска со Програмата за поставување на урбана опрема во општина Охрид и Програмата за поставување времени објекти во општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.04.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА И ВРЕМЕНИ ОБЈЕКТИ И ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ (ЗАКУПНИНА) ЗА 2023 ГОДИНА ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлуката се врши изменување и дополнување на Одлуката за поставување урбана опрема и времени објекти и за утврдување на висината на надоместокот (закупнина) за 2023 година во општина Охрид Број 08-17370/42 од 22.12.2022 година, донесена од страна на Советот на општина Охрид.

**Член 2**

Урбаната опрема од член 5 став IV точка 2 за користење површини за поставување урбана опрема за културна презентација предвидена на локацијата меѓу трговскиот центар Амам и Летница од оваа одлука се отстапува на ЈП Градски Пазар и целокупната постапка за издавање на оваа урбана опрема ќе ја спроведува ЈП Градски пазар под условите и цените утврдени во оваа одлука согласно закон.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 5339/6**
**11.04.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ РЕКЛАМИ НА УРБАНА ОПРЕМА – АВТОБУСКИ ПОСТОЈКИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ 2023-2028 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за поставување реклами на урбана опрема – автобуски постојки на подрачјето на општина Охрид за периодот 2023-2028 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.04.2023 година.

**Број 09- 5339/43**
**11.04.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02 ), член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), член 80 од Законот за градење („Сл.Весник на РМ“ бр.130/09...227/2022), а во врска со Програмата за поставување на урбана опрема во општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.14 /22), Советот на општина Охрид, на седница одржана на ден 11.04.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПОСТАВУВАЊЕ РЕКЛАМИ НА УРБАНА ОПРЕМА - АВТОБУСКИ ПОСТОЈКИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ 2023-2028**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува: начинот за добивање право за поставување реклами на автобуски постојки на подрачјето на општина Охрид, временскиот период за нивно поставување и висината на надоместокот за поставување на истите.

**Член 2**

Локациите, типот и бројот на рекламите на автобуските постојки се утврдени согласно Програмата за поставување на урбана опрема на територијата на општина Охрид („Сл.Гласник на општина Охрид“ бр.14/22), а може дополнително да се определат согласно Записник од Комисија за одлучување по барања за поставување урбана опрема како дополнение на годишната програма за поставување урбана опрема.

**Член 3**

Временскиот период за поставување реклами на автобуски постојки по локации, тип и број утврдени во член 2 од оваа Одлука се определува за период од 5 (пет) години ( 2023-2028 ).

**Член 4**

Доделувањето на правото за поставување реклами на автобуски постојки ќе се врши по пат на објавување на јавен оглас за добивање право за поставување реклами на автобуски постојки.

Огласот го распишува Градоначалникот на општина Охрид и објавува во Службен весник на Р.Македонија, официјалната ВЕБ страна на општина Охрид и во најмалку два дневни весника, од кои еден на албански јазик.

**Член 5**

Почетната цена за поставување реклами на автобуски постојки со површина над 4,5 х 0,6 метра на подрачјето на општина Охрид, изнесува 36.000,00 денари годишно (на 1/5 од рекламата задолжително да стои грбот на општина Охрид).

Почетната цена за поставување реклами на автобуски постојки со површина до 3 х 0.6 метра на подрачјето на општина Охрид, изнесува 30.000,00 денари годишно (на 1/5 од рекламата задолжително да стои грбот на општина Охрид).

**Член 6**

Огласот од член 4 на оваа одлука, особено треба да ги содржи следните податоци:

1. Податоци за субјектот кој го распишува огласот;
2. Назначување на локациите за кои се врши доделувањето;
3. Време за кое се доделува правото за поставување реклами на автобуски постојки;
4. Почетна цена за добивање право за поставување реклами на автобуски постојки;
5. Висина на депозитот за право на учество на јавното електронско наддавање;
6. Содржина и прилози на понудите;
7. Рок за поднесување на понудите;
8. Ден, час и место на отворање на понудите.

**Член 7**

Депозитот за учество на јавното наддавање изнесува 20% од почетната цена утврдена за локациите за кои понудувачот доставил понуда на годишно ниво, треба да биде изразена во денари и се уплаќа на сметката на општина Охрид.

Комисијата по завршувањето на јавното наддавање, ќе го врати положениот депозит на оние учесници во наддавањето чии понуди не се прифатени, во рок од 15 дена од денот на завршувањето на јавното наддавање.

Доколку најповолниот понудувач се откаже од склучувањето на договорот ќе му се реализира депонираниот депозит.

**Член 8**

За најповолна понуда ќе се смета понудата со највисок износ на еднократниот надомест за стекнување на право за доделување на локации.

**Член 9**

Постапката на отворање на понуди ја врши комисијата што ја формира градоначалникот.

Комисијата се состои од Претседател и два члена и нивни заменици.

**Член 10**

За својата работа Комисијата изготвува извештај, со предлог за најповолен понудувач до градоначалникот.

Градоначалникот ќе донесе решение за доделување право за поставување реклами на автобуски постојки и ќе ги извести останатите учесници за резултатите од распределбата.

**Член 11**

Помеѓу Градоначалникот и најповолниот понудувач се склучува Договор за условите и начинот на користење и одржување на добиените локации.

Понудувачот кој ќе го добие правото на поставување, покрај цената која е постигната со јавното електронско наддавање, должен е на сметката на општина Охрид да уплаќа и годишна комунална такса за секоја локација каде се поставени реклами на автобуските постојки, во висина утврдена во одлуката за висина на комуналните такси на општина Охрид, како и надоместок за потрошена електрична енергија доколку постави осветлување на истите.

**Член 12**

Секоја реклама поставена на автобуските постојки, на барање на најповолниот понудувач со претходно одобрено идејно решение за изгледот, се поставува врз основа на Извод од програма за поставување урбана опрема и Одобрение издадено од Градоначалникот на општина Охрид.

**Член 13**

Оваа Одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Охрид.

**Број 08- 5339/7**
**11.04.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ НА ДВЕ ТРАКИ ЗА ГИМНАСТИЧКИ ВЕЖБИ ЗА ДВЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ОХРИД – ДОНАЦИЈА ОД ХОВЕРЦРАФТ АДРИА ДОО ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за примање на две траки за гимнастички вежби за две основни училишта во општина Охрид – донација од Ховерцрафт Адриа ДОО Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.04.2023 година.

**Број 09- 5339/44** **ОПШТИНА ОХРИД**
**11.04.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 18 став 1 точка 15 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), а во врска со член 6 став 1 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на РМ“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 11.04.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИМАЊЕ НА ДВЕ ТРАКИ ЗА ГИМНАСТИЧКИ ВЕЖБИ ЗА ДВЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА ВО ОПШТИНА ОХРИД - ДОНАЦИЈА ОД ХОВЕРЦРАФТ АДРИА ДОО ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука, општина Охрид се согласува да прими донација од Ховерцрафт Адриа ДОО Охрид, две траки за гимнастички вежби за две основни училишта.

Траките ќе бидат поставени во ООУ „Григор Прличев“ - Охрид и ООУ„Св. Климент Охридски“ - Охрид.

**Член 2**

Предмет на оваа Донација е:

- Две траки за гимнастички вежби.

**Член 3**

За реализација на оваа Одлука се овластува Градоначалникот на општина Охрид, да склучи Договор за примање на донација со Ховерцрафт Адриа ДОО Охрид.

**Член 4**

Општина Охрид е согласна, согласно желбата на донаторот, по завршување на постапката, двете траки за гимнастички вежби да се во сопственост на основни училишта ООУ „Григор Прличев“ - Охрид и ООУ„Св. Климент Охридски“ - Охрид.

**Член 5**

Оваа одлука стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 5339/8**
**11.04.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ СО НАМЕНСКИ КРЕДИТ НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање согласност на одлуката за задолжување со наменски кредит на ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.04.2023 година.

**Број 09- 5339/45**
**11.04.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 11 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19 и 89/2022), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.04.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ СО НАМЕНСКИ КРЕДИТ НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за задолжување со наменски кредит на ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид за набавка на специјални возила, донесена од Управниот одбор на ЈП „Охридски Комуналец“ - Охрид бр.02-487/6 од 27.03.2023 година и Мислење на Надзорниот одбор бр.02-309/5 од 06.03.2023 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 5339/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.04.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“- ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за разрешување член во Управниот одбор на ЈП„Охридски комуналец“- Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.04.2023 година.

**Број 09- 5339/46** **ОПШТИНА ОХРИД**
**11.04.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 17 и 17-ѓ од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ“ бр.38/96, 6/02 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/2014, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19, 275/19 и 89/2022), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.04.2023 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - ОХРИД**

**Член 1**

Се разрешува членот во Управниот одбор на ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ - Охрид и тоа:

- **ЦВЕТАНКА БЛАЖЕСКА,** по нејзино барање.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5339/10** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.04.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2023 ГОДИНА (Н1)**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за измени и дополнувања на годишната програма за активностите на општина Охрид во областа на основното образование за 2023 година (Н1), што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.04.2023 година.

**Број 09- 5339/47** **ОПШТИНА ОХРИД**
**11.04.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 11.04.2023 година, ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2023 ГОДИНА (Н1)**

**Член 1**

Со оваа програма се вршат измени и дополнувања на годишната програма за активностите на општина Охрид во областа на основното образование за 2023 година (Н1) број 08-17370/13 од 23.12.2022 година. Со измените е опфатено следното:

- Во точка 4 од програмата „ доделување на стипендии на ученици предвидената сума од 2.400.000,00 денари се заменува со 3.186.000,00 денари;
- Во точка 9 од програмата „ режиски трошоци„ предвидената сума 13.200.000,00 денари се заменува со 11.501.000,00 денари;

**Член 2**

Оваа програма стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 5339/11** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**11.04.2023 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Сашо Донев,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2023 ГОДИНА (Н2)**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за измени и дополнувања на годишната програма за активностите на општина Охрид во областа на средното образование за 2023 година (Н2), што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.04.2023 година.

**Број 09- 5339/48** **ОПШТИНА ОХРИД**
**11.04.2023 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 11.04.2023 година, ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2023 ГОДИНА (Н2)**

**Член 1**

Со оваа програма се вршат измени и дополнувања на годишната програма за активностите на општина Охрид во областа на средното образование за 2023 година (Н2) број 08-17370/15 од 22.12.2022 година.

Со измените е опфатено следното:

- Во точка 17 од програмата „ доделување на стипендии на ученици„ предвидената сума 1.500.000,00 денари се заменува со 2.016.000,00 денари;
- Во точка 28 од програмата „ доделување на стипендии на студенти„ предвидената сума 1.000.000,00 денари се заменува со 837.000,00 денари;
- Се додава нова точка 30 во програмата:„Матурска парада„ со предвидена сума од блок дотација во износ од 240.000,00 денари;
- Во точка бр. 11 вкупната сума се зголемува за 2.285.586,00 ден. и истата изнесува 4.404.150,00 ден.

**Член 2**

Оваа програма стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 5339/12**
**11.04.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА 2023 ГОДИНА (Т1)**

**СЕ ПРОГЛАСУВА П**рограмата за измени и дополнувања на годишната програма на општина Охрид за здравствена и социјална заштита за 2023 година (Т1), што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.04.2023 година.

**Број 09- 5339/49**
**11.04.2023 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20)член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 11.04.2023 година, ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ЗДРАВСТВЕНА И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ЗА 2023 ГОДИНА (Т1)**

**Член 1**

Со оваа програма се вршат измени и дополнувања на годишната програма на општина Охрид за здравствена и социјална заштита за 2023 година (Т1) број 08-17370/19 од 22.12.2022 година.

Со измените е опфатено следното:

- Во точка 1 од програмата „ Општинско корисна работа - Од граѓаните за заедницата од заедницата за граѓаните”- Отворени можности за еднакво образование за сите деца.„ предвидената сума 264.000,00 денари општински средства кои се учество на општина Охрид се додаваат на донаторска сметка и сумата на донаторската сметка ќе изнесува 696.000,00 денари;
- Во точка 14 од програмата „ Стипендирање на редовни ученици, студенти, магистранти и докторанти на државни и приватни училишта и универзитети на лица со ретки болести и посебни потреби„ предвидената сума од 500.000,00 денари се заменува со 828.000,00 денари;
- Во точка 16 од програмата „ Доделување на еднократна парична помош на семејства со дете со тешка попреченост во училишна возраст кое не е примател на стипендија или друга помош од општина Охрид „ предвидената сума од 300.000,00 денари се заменува со 90.000,00 денари;

**Член 2**

Оваа програма стапува на сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 5339/13**
**11.04.2023 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Сашо Донев,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНИ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2023 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за измени на програмата за уредување на градежно земјиште за 2023 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 11.04.2023 година.

| | |
|---|---|
| **Број 09- 5339/50** | **ОПШТИНА ОХРИД** |
| **11.04.2023 год.** | **Градоначалник** |
| **О х р и д** | **Кирил Пецаков,с.р.** |

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден .04.2023 година, ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ИЗМЕНИ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2023 ГОДИНА**

**Програмата ги предвидува сите потребни активности и средства во процесот на:**

1. Постапката на експропријација и плаќање на стари обврски;
2. Изготвување на техничко проектна документација, елаборати и други документи;
3. Уредување на градежно земјиште во урбани средини и
4. Уредување на градежно земјиште во рурални средини.

Поаѓајќи од законската регулатива, важечките урбанистички планови и потребите на граѓаните во оваа програма посебен акцент се става на :

1. Просторот кој е предмет на уредување;
2. Обемот на работите и средствата за подготвување и расчистување на градежното земјиште и другите градежни објекти;
3. Обемот и степенот на опремување на градежно земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура;

4. Начинот на финансирање и
5. Средства наменети за изработка на документација за градење на инфраструктурни објекти, средства потребни за испитување на материјалите и контрола на истите.

## *1. ПРОСТОРОТ КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ*

*Како простор кој е предмет на уредување со цел раздвојување на изворите на финансирање, а поаѓајќи од законската регулатива, во оваа програма, активностите се поделени и тоа :*

- ***активности во урбани средини и***
- ***активности во рурални средини***

## *2. ОБЕМОТ НА РАБОТИТЕ И СРЕДСТВАТА ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ДРУГИ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ*

**Во активностите опфатени со оваа позиција потребно е да се извршат следните активности:**

А) Подготвителни работи

- Оформување на геодетска документациа;
- Извршување на основни геомеханички испитувања за градежни парцели каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура

Б). Расчистување на градежното земјиште.

Расчистувањето на градежното земјиште на градежните парцели е со цел да се изврши опремување на градежната парцела со објекти од комуналната инфраструктура.

Под расчистување на градежно земјиште на градежната парцела се смета:

- Решавање на имотно правните односи;
- Решавање на станбените прашања на сопствениците кои живеат или вршат дејност како физичко лице во објектите што се уриваат;
- Уривање на постојните градежни и други објекти на градежното земјиште (градежна парцела) и селидба на сопствениците со пренесување на покуќнината и опремата, уривање на објектите со транспорт на материјалот од уривањето до депо.

## *3. ОБЕМОТ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СООБЈЕКТИ НА ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА*

Под обем на опремување на градежното земјиште се подразбира изградба на објекти на инфраструктурата, заради непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна, канализациона (фекална и атмосферска), нисконапонска електрична, ТТ и друга мрежа со приклучоци до градежната парцела.

Опремувањето на градежното земјиште може да биде извршено целосно или делумно,во минатиот период или во моментот кога се уредува.

Под степен на опремување на градежното земјиште се подразбира степенот на опременост на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка, до границите на градежната парцела.

Степенот на уреденост на градежното земјиште може да биде основен, повисок или понизок од основниот.

**Основен степен на уреденост претставува опременост со :**

- изградба на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;
- изградба на водоводна мрежа и
- изградба на фекална канализација

**Дополнителна опременост на земјиштето:**

- изградба и санација на кабловска мрежа во соработка со кабловските оператори;
- изградба на улици, тротоари, паркинзи, пешачки патеки и други површини (јавно зеленило, детски игралишта, спортски терени и др.) согласно урбанистичките планови;
- изградба на атмосферска канализација и
- изградба на јавно осветлување

**Опремување со објекти од комуналната инфраструктура до градежната парцела** :

а) Опремување со објекти од комуналната инфраструктура за заедничка комунална потрошувачка во кои спаѓаат:

- основни градски сообраќајници ( примарни и секундарни);
- непречен пристап до градежната парцела од јавен пат;
- магистрални и примарни водови за довод на вода заедно со пратечки објекти;
- магистрални и примарни водови за одвод на фекална и атмосферска вода заедно со пратечки објекти;
- градски плоштади и јавни прометни површини ( улици, тротоари, пешачки и други површини согласно урбанистички планови);
- изградба на јавно осветлување и
- изградба на јавно зеленило

б) Индивидуална комунална потрошувачка за кои е извршено или ќе се изврши:

- изградба на секундарна водоводна мрежа до водомерна шахта;
- изградба на секундарна фекална мрежа до последната шахта;
- овозможување и планирање на примарни и секундарни ТТ мрежи со приклучни ормари.

в) Опремување со објекти од комунална инфраструктура во границите на градежната парцела

Опремување на објектите од комуналната инфраструктура ќе се врши до границите на градежната парцела на начин што ќе се овозможи пристап на истата до инфраструктурни објекти утврдени со Законот за градење.

## 4. НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

При реализација на програмските активности ќе се користат изворите на средства утврдени согласно законската регулатива, притоа водејќи посебна сметка, трошоците за уредување градежно земјиште уплатени од страна на инвеститорите на објекти да бидат наменети за уредување на градежното земјиште во подрачјето на градот опфатено или дефинирано со постојни урбанистички планови.

